- 12.12.2025 – беше поднесена апликација за натпреварот „Нашите зелени приказни во стручното образование и обука“, чија цел е промоција на најуспешните приказни и искуства од институции и организации поврзани со зелени вештини и зелени иницијативи. Натпреварот е организиран од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, а во истиот учествуваа ученици од 1-а и 1-б клас, под менторство на наставник Маја Талеска Панова;
- 15.12.2025 – ученици беа во посета на највисокиот законодавен орган во државата - Собранието. Тие се запознаа со историјата, надлежностите и начинот на работа на Собранието. Одговорни наставници: Милка Петровски и Суат Усејнов.;

- 15.12.2025 – во нашето училиште се одржа креативна работилница „Кариерна иновација" на која учествуваа деветтооделенците од ООУ „Васил Главинов". Оваа работилница ја реализира учениците од 2-а клас заедно со одговорните наставници Соња Савевска и Ангелина Мачавелова;
- 17.12.2025 – група ученици од нашето училиште придружувани од психологот Катерина Ефремова и кариерниот советник Македонка Миланова беа дел од Деновите на психологија – во организација на Меѓународен Славјански Универзитет;
- 18.12.2025 – во рамките на активностите на Кариерниот центар беше реализирана кариерна работилница со поранешен ученик на училиштето Кристијан Милошевиќ, адвокат во реномирана меѓународна адвокатска канцеларија;
- 19.12.2025 – учениците од IV година кои претходната учебна година беа дел од програмата „Ученичка компанија“ на Џуниор Ачивмент Македонија, пристапија кон полагање на меѓународниот испит за Entrepreneurial Skills Pass (ESP). Успешното полагање на овој тест им овозможува на учениците стекнување со меѓународно признат сертификат за нивните претприемачки компетенции и бизнис вештини. Одговорни наставници Маја Талеска Панова и Радмила Андовска;
- 22.12.2025 – во хотел „Хилтон“, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ја одржа годишната Валоризациона конференција „Од идеја до влијание“, посветена на резултатите, искуствата и влијанието на програмата Еразмус+, на која по покана присуствуваше наставник Маја Талеска Панова;
- 22.12.2025 – во просториите на Europe House Veles, беше реализиран настан во организација на Канцеларијата на Обединетите нации, во соработка со Делегацијата на Европската Унија и Europe House Veles, во рамки на кампањата „16 дена активизам против родово базирано насилство“. На настанот активно учество зедоа ученици од II, III и IV година. Истиот се реализираше во форма на форум театар, со фокус на темата психолошко насилство, неговото препознавање и превенција кај младите. Преку интерактивен и едукативен пристап, учениците имаа можност да развиваат критичко размислување, да учествуваат во дијалог и активно да се вклучат во дискусијата. Одговорно лице: училишен педагог Билјана Коцабашиева;
- 24.12.2025 – нашите ученици од Училишната маркетинг агенција со огромна љубов подготвија рачно изработени честитки и симболични подароци за своите другарчиња од ОУРЦ „Маца Овчарова“. Ги посетија и преку заедничкото дружење, уште еднаш научија дека радоста се множи само кога се дели. Одговорни наставници Каролина Манаскова и Радмила Андовска;
- 24.12.2025 – во просториите на нашето училиште се одржа едукативно предавање на тема „Штетност и последици од употреба на пиротехнички материјали“. Предавањето беше реализирано од страна на претставници од Универзитетската клиника за пластична и реконструктивна хирургија – Скопје и МВР – Велес, кои преку стручно и практично излагање ја истакнаа важноста од одговорно однесување и превенција;
- 24.12.2025 – беа доделени стипендии од Општина Велес и компаниите „Агриа" и „Жито Маркети" за најдобрите ученици, Марко Варналиев и Ангела Јошевска од 3-а и Марија Бошевска и Марија Иванова од 4-а паралелка;

- 29.12.2025 – на изборот на спортисти на Велес за 2025 год. Сојузот на спортови Велес и општина Велес доделија диплома на нашиот ученик Баже Гугинов, член на ККК Арка Борец;
- Согласно известувањето и насоките дадени од Министерството за образование и наука за унапредување на безбедноста, менталното здравје и добросостојбата на учениците, Бирото за развој на образованието направи листа на работилници од Програмата за психосоцијална помош и поддршка и Модулот за унапредување на менталното здравје на адолесцентите во образовниот систем. Во согласност со дадените насоки, од страна на педагошко-психолошката служба:психолог Катерина Ефремова и педагог Билјана Коцабашиева се реализираа следните работилници:
    - 19.11.2025 год. –„Справување со лутина и стрес“ , со учениците од 1-а паралелка;
    - 24.11.2025 год. – „Справување со тешки искуства“, со учениците од 4-б паралелка;
    - 02.12.2025 год. – „Саморегулација и самоконтрола“, со учениците од 1-г паралелка;
    - 04.12.2025 год. – „Чесни одлуки“, со учениците од 1-б паралелка;
    - 22.12.2025 год. – „Справување со стрес“, со учениците од 2-а паралелка;
    - 23.12.2024 год. – „Самодоверба“, со учениците од 3-в паралелка;
- 21.01.2026 – согласно насоките на МОН и БРО за подобрување на менталното здравје и добросостојба кај учениците се реализираа работилници со ученици од 2-а и 2-б на тема „Справување со тешки искуства“ и со учениците од 1б на тема „Самодоверба“ .Работилниците ги реализираа психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коцабашиева;
- 22.01.2026 – реализирана работилница на тема „Развивање на благодарноста“ со ученици од 1-в. Реализирана од страна на психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коцабашиева;
- 29.01.2026 – извршена вакцинација против Тетанус на учениците од трета година во просториите на училиштето;
- 04.02.2026 – презентација пред матурантите од претставници од Интернационален Балкански Универзитет Скопје за учениците од завршните години;
- 04.02.2026 – по повод одбележувањето на 154 години од раѓањето на патронот Гоце Делчев во медијатеката на Локалната библиотека „Гоце Делчев“, со поетски перформанс на тема „За македонските работи“, настапија учениците од ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес, под менторство на професорките Жаклина Ивановска Зафирчева и Рената Софијанова Николова.
- 04–07.02.2026 – во организација на Прва детска амбасада во светот Меѓаши, во Дојран, се одржа базичен тренинг за мировно образование и градење мир, во рамки на Програмата за мировно образование, на која присуствуваше директорот на училиштето Васко Трајковски;
- 05.02.2026 – реализирана работилница на тема „Развивање на свесност за сопствените емоции“ од страна на психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коцабашиева;
- 05.02.2026 – ученици од прва година учествуваа на Регионалниот натпревар по Географија под менторство на наставник Каролина Манаскова. Учениците: Филип Пљаков и Тоше Костадинов од 1-а паралелка, Анастасија Пеева од 1-б паралелка се пласираа на Државниот натпревар по Географија;

- 05.02.2026 – наши ученици под менторство на училишниот педагог Билјана Коцабашиева зедоа учество на еднодневна работилница за превенција на насилен екстремизам за општините во секторите за дејности од јавен интерес на тема: „Градење на отпорни и инклузивни заедници“. Организатор и реализатор на истата беше Македонското здружение на млади правници со подршка на Канцеларијата на националниот координатор за спречување насилен екстремизам и борба против тероризам;
- 12.02.2026 – по повод „Св. Валентин" - Денот на вљубените, ОСУ „Јовче Тесличков“- Велес во соработка со Europe House Veles, организираше настан “Love mode: ON” (Presentation, Game, Quiz& Discussion) обработувајќи ја темата „љубов“ во најширока смисла на зборот преку искрено пријателство, почит, разбирање, поддршка, доверба и чувство на безбедност на социјалните мрежи, онлајн, како и во реалниот живот.Одговорни наставници Рената Софијанова Николова и Марија Левкова Куновска;
- 13.02.2026 – нашето училиште беше домаќин на дел од натпреварувачите во рамки на Регионалниот круг на натпреварот „Економска Олимпијада 2026“. Учениците: Елена Петрова, Леонид Велинов, Марија Петкова, Александра Кочевска и Тамара Камчева, ученици од втора и трета година - достојно го претставија училиштето;
- 13.02.2026 – реализирана работилница на тема „Ослободување од стрес и лутина“ од страна на психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коцабашиева;
- 16.02.2026 – презентација пред матурантите од страна на преставници на Технолошко-техничкиот факултет Велес;
- 17.02.2026 – одржана едукативна активност – работилница на тема „Пушењето и неговата штетност“, насочена кон подигање на свеста за штетноста од пушењето и зајакнување на личните вештини на учениците за справување со врснички притисок. Работилницата ја реализираа психологот Катерина Ефремова и педагогот Билјана Коцабашиева, во соработка со претставници од Ученичкиот совет: Марија Нојкова, Марко Варналиев и Елена Петрова;
- 18.02.2026 – ученици од четврта година, со наставник Жаклина И.Зафирчева, присуствуваа на Отворениот ден на Технолошко - техничкиот факултет во Велес;
- 19.02.2026 – учество на нашите ученици (Марија Димовска, Леона Галева, Хариса Мргуда, Димитар Атанасовски и Петар Стојанов од 1-а) на завршниот настан од проектот „Справување со предизвикувачко однесување во младинската работа (CCBY) во Европска куќа Велес;
- 20.02.2026 – реализирана кариерна работилница од кариерниот советник Македонка Миланова со Тимот за кариерно советување. Гости Милица Ристовска Темелковска (поранешен психолог и професионалец во човечки ресурси) и Пенчо Андреев (педагог и наш поранешен ученик);
- 24.02.2026 – наши ученици, беа дел од подготовките за Симулација на Совет на Општина Велес – иновативна иницијатива преку која младите ја преземаат улогата на советници и учествуваат во симулирана седница на Советот. Одговорен наставник Милка Петровски;
- 26.02.2026 – наши ученици учествуваа на меѓународниот натпревар во пишување WriteOn! International, организиран од Мировен корпус, кој се одржа во просториите на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес;

- 05.03.2026 – одржана креативна работилница на тема „Кариерна иновација“ на која учествуваа деветтоодделенците од ООУ „Панко Брашнаров“. Оваа работилница ја реализираа учениците од 2-а клас заедно со одговорните наставници Соња Савевска и Ангелина Мачавелова. Деветтоодделенците заедно со нивните домаќини, реализираа различни креативни активности и низ вежби, игра и забава направија спој помеѓу креирањето на иновации и креирањето на сопствениот кариерен развој;
- 06.03.2026 – под мотото: Посилни од тишината, посветли од силуетата!, нашите ученици заедно со учениците од другите средни училишта маршираа со цел поттикнување на секој од нас за продолжување на борбата за еманципација на жената во секој ден од годината, а потоа во Младинскиот парк нашите ученици се претставија со краток драмски перформанс. Учениците се подготвуваа под менторство на наставниците Рената С.Николова и Милка Петровски и училишниот педагог Билјана Коцабашиева;
- 09–11.03.2026 – во нашето училиште беше спроведена Интегрална евалуација од страна на тим на државни просветни инспектори кои извршија увид односно инспекциски надзор со цел утврдување на состојбите во однос на квалитетот на воспитно-образовниот процес;
- 13.03.2026 – одбележување на Денот на бројот ПИ, во знакот на логиката, музиката и креативноста. Преку возбудлив математичко-логички квиз, реализиран во рамките на наставата по предметите Математика и Математика за економисти, докажавме дека бројките можат да бидат вистинска инспирација. Ментори предметни наставници Радмила Андовска и Горан Цветановски.
- 16.03.2026 – во просториите на Општина Велес се одржа настан по повод одбележувањето на Денот на потрошувачите 15 март. Настанот - отворен ден „Вашите права, нашата грижа“ беше посветен на подигнување на свеста за правата и заштитата на потрошувачите. Настанот беше организиран на иницијатива на Советот на потрошувачи чија цел е активно да придонесува кон унапредување на заштитата на потрошувачките права и информираноста на граѓаните. Одговорен наставник: Радмила Андовска;
- 19.03.2026 – психологот Катерина Ефремова присуствуваше на работилница на тема „Превенција од сексуално насилство врз деца” организирана од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител на Република Северна Македонија и Биро за развој на образование;
- 23.03.2026 – презентација пред матурантите од страна на преставници на Меѓународниот славјански универзитет;
- 23– 27.03.2026 – се спроведе систематски преглед на учениците од прва и четврта година;
- 24.03.2026 – презентација пред матурантите од претставници од Бизнис Академија Смилевски;
- 25.03.2026 – учество на нашите ученици во улога на советници, преку симулација на седница на Советот на Општина Велес. Ментор Милка Петровски;
- 26.03.2026 – во организација на Ученичкиот совет и под менторство на одговорните наставници Милка Петровски, педагогот Билјана Коцабашиева и кариерниот советник Македонка Миланова, се реализираше втора ученичка забава за учебната 2025/26, во хотел „Гарденија” - Велес;

- 27.03.2026 – учениците од прва година заеднмо со наставникот Јасна Манчева ја посетија изложбата на ликовниот академик Димитар Кондовски;
- 01.04.2026 – психологот Катерина Ефремова заедно со ученички од втора година присуствуваа на едукативна работилница по повод Светскиот ден на аутизмот. Како дел од работилницата, беа организирани интерактивни активности и се дискутираше за најчестите митови и предрасуди поврзани со лицата со аутизам, со цел нивно надминување и градење на поинклузивно општество. Како заклучок од работилницата беше дека различноста е убава и вредна. Во знак на поддршка, учесниците изработија сини панделки како симбол на аутизмот;
- 03.04.2026 – во просториите на ОСУ „Јовче Тесличков" – Велес успешно беше реализиран социјален дијалог со претставници на бизнис-заедницата и државните институции. На средбата беа разгледани можностите за унапредување на соработката, поддршка на образовниот процес и создавање подобри услови за стручно образование и практична обука на учениците. Нивниот придонес е од особено значење за развојот на училиштето и за подготовката на учениците за успешно вклучување на пазарот на трудот.
- 06.04.2026 – реализирана презентација за учениците од завршните години од претставници на Факултет за земјоделски науки и храна – Скопје. Учениците беа запознаени со студиските програми, условите за запишување и можностите за продолжување на високото образование;
- 07.04.2026 – по повод Светскиот ден на здравјето – 7 Април, во организација на Комисијата за унапредување на правата на пациентите при Општина Велес беше одржана јавна трибина на тема „Превентивни прегледи и рана детекција на болести" под мотото „Рано откривање спасува животи". Целта на трибината беше подигнување на свеста за значењето на здравиот начин на живот, редовните превентивни прегледи и навременото откривање на болестите како клучни фактори за зачувување и унапредување на здравјето. На трибината активно учество земаа ученици од I-а и I-б клас при ОСУ „Јовче Тесличков" – Велес, кои имаа можност да се информираат за важноста на грижата за сопственото здравје и за улогата на превенцијата во спречувањето на различни заболувања. Одговорни наставници: Марија Левкова Куновска и училишниот педагог Билјана Коцабашиева;
- 08.04.2026 – ученичката компанија ZeroWaste Lab од ОСУ „Јовче Тесличков" – Велес, учествуваше на Регионалниот натпревар на ученички компании, организиран од Junior Achievement Macedonia, кој се одржа во хотел „Гарденија" – Велес. Ментор: Нада Јованова;
- 09.04.2026 – учество на Велигденски базар во Младински парк на ученици од нашето училиште со свои лични изработки. Одговорен наставник Рената Софијанова Николова;
- 09.04.2026 – наши ученици беа дел од активноста „Имам став", која претставува симулација на законодавна постапка. Со голема посветеност, одговорност и ентузијазам, тие се вклучија во улогата на пратеници и покажаа дека младите имаат што да кажат и знаат како да го изразат својот став. Нивната аргументација, критичко размислување и тимска работа беа на завидно ниво, што уште еднаш потврдува дека вложувањето во младите носи вистински резултати. Ментор професор Милка Петровски.

- 15.04.2026 – наши ученици активно учествуваа на две обуки организирани од Impakt Net Foundation. Со голема мотивација и ангажираност, тие стекнаа нови знаења и вештини, покажувајќи интерес за личен и професионален развој. Горди сме на нивната посветеност и успех! Оваа активност е со финансиска поддршка од Европската унија во рамките на проектот SMS Facility - Поддршка за мали медиуми и организации во Западен Балкан, имплементиран од Фондацијата Импакт Нет. Ментори: Радмила Андовска и Милка Петровски;
- 16.04.2026 – се реализираше работилница во рамки на проектот „Безбедна училишна средина“ со наслов „Стоп за врсничко насилство“ со учениците од 1-б паралелка. Работилницата ја реализираа врснички едукатори од нашето училиште под менторство на училишниот педагог Билјана Коцабашиева, со цел подигнување на свеста за препознавање, превенција и спречување на врсничкото насилство;
- 20.04.2026 – презентација пред учениците од завршните години од вработени во АРМ. Учениците беа запознаени со можностите за професионална кариера, условите за вработување и начинот на аплицирање во Армијата.
- 20.04.2026 – под мотото „Градиме мост помеѓу образованието и иднината на младите" Кариерниот центар при ОСУ „Јовче Тесличков„ Велес, во соработка со Europe House, организираше панел дискусија за професионална ориентација на учениците. Панелисти:
- **Дејан Атанасовски** – Директор на Комерцијална банка АД Скопје - Филијала Велес,
- **Елена Талеска Цалева** –Асистент на генерален менаџер на Маркарт,
- **Александра Иванова** – управител на сметководствено биро Андреева Консалтинг,
- **Марјан Пљаков** – адвокат. Голема благодарност до сите панелисти за пренесеното искуство и инспиративни мисли – со нивното учество се збогати оваа дискусија и ги мотивираше младите да продолжат храбро да чекорат кон својата иднина и да веруваат во сопствениот потенцијал.
- 20.04.2026 – предметниот наставник Соња Савевска како дел од Тимот за кариерно советување, присуствуваше на Националната конференција за почеток на проектот „Биди подготвен за работа преку кариерно насочување“. Станува збор за регионален проект кој Центарот за развој на стручното образование, во соработка со австриската агенција за образование и интернационализација го имплементира во средното стручно образование;
- 21.04.2026 – реализирана работилница во рамки на проектот „Безбедна училишна средина“ со родители на тема „Врсничко насилство – Кога тишината зборува“.Реализирана од страна на училишниот педагог Билјана Коцабашиева во соработка со предметните наставници Милка Петровски и Радмила Андовска кои се дел од проектниот тим;
- 21.04.2026 – работилница на учениците-дигитални маркетери со идните млади претприемачи од ООУ „Кирил и Методиј“ - Велес. Тие работеа заедно со деветтоодделенците на 4Р маркетинг миксот, со фокус на промоција, помагајќи им да ги дигитализираат своите промотивни постери. Одговорен наставник Маја Талеска Панова;
- 22.04.2026 - Во рамки на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“ беше реализирана работилница со родители на тема „Кога тишината зборува“. Преку интерактивни активности и дискусија, родителите имаа можност да ги препознаат скриените форми на врсничко насилство, да разменат искуства и да се информираат за важноста од

навремено реагирање, отворена комуникација и соработка со училиштето. Работилницата придонесе за подигнување на свеста за улогата на родителите во создавање безбедна и поддржувачка средина за учениците. Активноста ја реализираше училишниот педагог Билјана Коцабашиева во соработка со наставниците Милка Петровски и Радмила Андовска.

- 22.04.2026 – учество на наши ученици на Општинскиот натпревар по Прва помош, под менторство на наставникот Милка Петровски;
- 23.04.2026 – остварена работна средба помеѓу координаторот за практично образование Бранка Андовска и преставници од Државниот архив – Велес за проширување на меѓусебната соработка, што претставува значајна можност за стекнување нови знаења и искуства за нашите ученици;
- 23.04.2026 – презентација пред учениците од завршните паралелки на преставници од Економскиот факултет – Скопје;
- 23–24.04 2026 – четири освоени медали на натпреварите МАССУМ 2026 Богданци, за ОСУ „Јовче Тесличков" Велес:
    - Прво место за Најдобар штанд под менторство на психологот Катерина Ефремова и наставник Нада Јованова;
    - Прво место за Најдобро кариерно портфолио за Леонид Велинов, под менторство на наставниците Нада Јованова и Македонка Миланова;
    - Второ место во категорија Јавен говор за Мерве Исмаилова и ментори наставници Жаклина И. Зафирчева и Маја Талеска Панова;
    - Трето место во категорија Јавен говор на албански јазик за Сауде Јусуфи под менторство на наставникот Милка Петровски;
- 24.04.2026 – ученичката Јована Димковска зеде активно учество на државниот натпревар МАССУМ во категоријата „Интервју за работа". Под менторство на наставниците Каролина Манаскова и Радмила Андовска;
- 25.04.2026 – тимот на нашите ученици од 2-б паралелка – Марија Петкова, Викторија Јовановска, Александра Станојковиќ и Јована Димковска – под менторство на наставниците Радмила Андовска и Маја Талеска Панова, со проектот CLAIYA учествуваше на натпреварот „Best Business Concept for Green Innovations 2026", организиран од The National Centre for Development of Innovation and Entrepreneurial Learning (NCDIEL) на Машинскиот факултет. Со многу енергија и креативност тие ја претставија својата визија за одржливи производи што ладат природно - без струја, со 100% циркуларен концепт. Настанот беше можност да се покаже дека младите умеат да спојат традиција и иновација и да создадат решенија што носат свежина и инспирација во секојдневието.
- 27.04.2026 – учениците од образовниот профил Продавач – референт за продажба реализираа стручна посета на маркет, при што се запознаа со организацијата на продажниот процес, начинот на изложување на производите и комуникацијата со купувачите. Посетата придонесе за стекнување практични знаења и подобро разбирање на работните задачи во областа на продажбата. Одговорни наставници: Орхидеја Хаџипетрушева Јованова и Ирена Станчева;
- 27.04.2026 – работилница од МВР – Отсек за превенција.

- 28.04.2026 – ученици од нашето училиште го одбележаа глобалниот Pay It Forward Day 2026 - ден посветен на споделување добрина. Со рачно изработени картички ги израдуваа најмалите, а на возрасните им подарија пораки за да им го разубават денот и да ги поттикнат да прават добри дела. Одговорен наставник Радмила Андовска и Каролина Манаскова;
- 30.04.2026 – наши ученици и дел од наставниците беа дел од Самот на средни училишта во ООУ „Блаже Конески", наменет за деветтоодделенците. На истиот беше презентирано училиштето и секторот економијата, правото и трговијата како пат кон сигурна и успешна иднина;
- 30.04.2026 – дел од нашите ученици беа дел од иницијативата „Еко – креатори", чија цел е поттикнување на солидарноста и одговорноста преку собирање и донирање на употреблива облека. Настанот се одржа во Младински центар – Велес во организација на Центар за млади Велес;
- 30.04.2026 – наши ученици учествуваа на настанот „Зелен активизам – морална одговорност или тренд ?,во организација на иницијативата „Зелени Борци " во соработка со професор Бошко Карапов.
- 06.05.2026 – се одржа Отворен ден, каде пред деветтоодделенците беа претставени можностите што ги нуди училиштето. На штандовите и во кабинетите, деветтоодделениците имаа можност лично да видат кои образовни профили тука се изучуваат. Со свои штандови се претставија деловните партнери со кои имаме склучено меморандуми за соработка, и каде нашите ученици успешно ја реализираат практичната настава. Деветтодделенците учествуваа и во забавни игри, од областа на економијата, каде што се запознаа со позначајнит економски поими;
- 08.05,2026 – по повод акцијата „Генералка викенд", учениците од прва и трета година реализираа еко час посветен на заштитата на животната средина. Преку едукативни активности, како и чистење и уредување на училишната околина, тие ја развиваа еколошката свест, чувството на одговорност и тимската работа. Активноста беше успешно реализирана и придонесе за поттикнување на позитивен однос кон природата и зачувувањето на чиста и здрава животна средина. Одговорни наставници Наташа Михова и Охидеја Хаџипетрушева Јованова;
- 08-09.05.2026 – реализирана дводневна екскурзија со посета на Охрид, Струга, Крушево и Битола, за учениците од втора година;
- 12.05.2026 – учениците од ОСУ „Јовче Тесличков" – Велес со гордост беа дел од одбележувањето на #EuropeDay на езерото Младост, организирано од Europe House Veles и Delegation of the European Union to North Macedonia. Преку акција за садење дрвја, тие покажаа дека младите се важен двигател на позитивните промени и грижата за животната средина. Одговорни наставници Маја Талеска Панова и Радмила Андовска;
- 12.05. 2026 – реализирана еднодневната стручно-истражувачка екскурзија со остварени планирани посети на релација Велес –Струмица – Смоларски водопади – Велес. Преку дружење, истражување и запознавање со природните убавини на нашата земја, учениците стекнаа нови знаења, искуства и незаборавни спомени со позитивна енергија и тимски дух;
- 14.05.2026 – училишниот педагог Билјана Коцабашиева беше дел од панел дискусијата „Ученички активизам за безбедни училишта",која се одржа во хотел Солун,Скопје. Настанот придонесе кон промовирање на добрите практики

идентификувани и поддржани во рамките на проектот, како и кон отворање дискусија за предизвиците поврзани со препознавање, превенција и справување со сите видови насилство во училиштата. Панел-дискусијата се организираше во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина“, кој го спроведува Коалицијата на младински организации СЕГА, во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско образование, Првата детска амбасада во светот „МЕЃАШИ“ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации, а е финансиски поддржан од Детската фондација „Песталоци“;

- 20.06.2026 – предметниот наставник Маја Талеска Панова и педагогот Билјана Коцабашиева земаа учество на официјалното отварање на Меѓународниот средношколски форум на економски училишта – Економиум на тема „Инвестираме во човечки капитал: Инвестираме во човечки капитал: Вештините како најсилна валута на нашите ученици “. Форумот го организираше СОЕПТУ „Кузман Јосифовски- Питу “ и Општина Прилеп.
- 22.05.2026 – учениците од втора година од образовните профили Асистент за деловен администратор и Продавач – референт за продажни услуги реализираа стручна посета на маркет во рамки на практичната настава. При посетата се запознаа со организацијата на работниот процес, распоредот на производите, приемот и складирањето на стоката, како и со комуникацијата со потрошувачите. Одговорни наставници Наташа Михова и Охидеја Хаџипетрушева Јованова;
- 28.05.2026 – наши ученици под менторство на предметниот наставник Златко Гуцев, земаа учество на настанот „Плазма Спортски Игри за млади“, една од најголемите аматерски спортски платформи во Европа, со традиција подолга од 30 години. Главната цел на овој проект е бесплатен спорт за секое дете, поттикнување на здрави животни навики,ферплеј,инклузија,дружење и развој на вистински спортски вредности кај младите. Настанот се реализираше со поддршка на Владата на Република Македонија и Општина Велес, во организација на Федерацијата на училишен спорт на Македонија и Сојузот на училишен спорт Велес 2002;
- 03-05.06.2026 – реализиран систематски здравствен преглед за сите вработени во училиштето. Прегледот беше спроведен согласно законските обврски и во насока на унапредување на здравствената заштита, зачувување на работната способност и навремено откривање на евентуални здравствени состојби кај вработените. Сите вработени беа опфатени со предвидените прегледи, со што училиштето ја исполни обврската за обезбедување превентивна здравствена заштита на вработените;
- 25-26.06.2026 – директорот на училиштето зема учество на дводневен еТвининг семинар „еТвининг и SELFIE како алатки за дигитален развој и европска соработка во училиштата“ во организација на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, наменет за директори на основни и средни училишта, претставници на Бирото за развој на образованието и носители на образовни политики.Во текот на семинарот учесниците имаа можност да се запознаат со можностите што ги нуди еТвининг за меѓународна соработка, професионален развој и унапредување на наставниот процес, како и со SELFIE – европската алатка што им помага на училиштата да ја проценат и планираат својата дигитална трансформација;
- 1-4.07.2026 – директорот учествуваше на напреден тренинг за градење на мирвно образование, организирам од Прва детска амбаса во светот „Меѓаши“;

- Во рамки на проектот „Воспоставување национален систем за превенција од употреба на дроги во училиштата“, во организација на ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, во периодот од 11 до 14 август 2026 година во Хотел „Глориус“ – Велес се реализираше обука за превенција од употреба на дроги во средните училишта. На обуката учествуваа Билјана Коџабашиева – педагог и Милка Петровски – професор. Целта на обуката беше унапредување на знаењата и вештините за реализација на превентивни активности со учениците, со посебен акцент на развивање на социјалните и личните вештини, препознавање ризични ситуации и поттикнување здрави животни избори. Во текот на обуката беа обработени теми поврзани со превенција од употреба на дроги, вршнички притисок, ментално здравје, безбедно однесување и комуникација со младите. Преку интерактивни и практични активности учесниците стекнаа дополнителни знаења и искуства за креирање ефективни превентивни пораки прилагодени на младите. Стекнатите знаења и вештини ќе бидат применети во понатамошната работа со учениците и во реализацијата на превентивните активности во училиштето.
- 26.08.2026 г. - Во рамките на планираните активности за дисеминација и пренесување на стекнатите знаења од проектот „Инклузивна настава: Обликување на посветла иднина преку образование“ (Еразмус+ КА1), од страна на членовите на тимот Радмила Андовска, Марија Панчевска, Милка Петровски и директорот Васко Трајковски,беше одржана стручна презентација и работна средба за наставниот кадар и стручната служба во училиштето. За време на средбата беа детално претставени профилот и досегашното портфолио на организацијата домаќин CESIE од Палермо, Италија, како и нејзината тесна поврзаност со Центарот за креативен развој „Данило Долчи“. По посебно истакнување беше дадено на нивната методичка практика базирана врз мајеутичкиот дијалог како ефективна алатка за поттикнување критичко размислување, интеракција и партиципативно учење во училницата. Главниот акцент на дисеминацијата беше ставен врз клучните модули од реализираните обуки. Во делот посветен на Емоционалната интелигенција, на колегите им беа претставени практични стратегии за препознавање, разбирање и управување со емоционалните состојби кај учениците, со цел да се подобри социо-емоционалната клима, да се пресретнат конфликтните ситуации и да се намали професионалниот стрес. Во делот за Специјални образовни потреби (СОП), фокусот беше ставен врз методологиите за идентификување и отстранување на физичките, когнитивните и социјалните бариери во учењето, како и врз примената на диференциран пристап во поучувањето. Преку оваа дисеминациска активност успешно се пренесоа европските практики и иновативните дидактички методи во училишниот колектив, со што директно се придонесува кон зајакнување на професионалните капацитети на наставниците, унапредување на инклузивната средина и подигнување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Координатор на проектот Радмила Андовска
-

7. Подрачја на промени, приоритети и цели

Прв приоритет: **Јакнење на квалитетот на наставниот процес**
Втор приоритет: **Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима**
Третприоритет: **Модернизацијанапросторните и техичките условизаработа**

Прв приоритет: Јакнење на квалитетот на наставниот процес

Цел 1.1.Воведување на атрактивниипазарно релевантни нови образовни квалификации и/или сектори;

Цел1.2. Подобрување на стручната и методолошката подготвеност на наставниците и зголемување на ангажираноста и успехот на учениците;

Цел 1.3. Зголемување на учеството на учениците во натпревари, проекти и иницијативи.

Втор приоритет: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима

Цел 2.1. Учениците да се чувствуваат безбедно, почитувано и вреднувано како активни чинители во училиштето;

Цел 2.2. Зацврстување на врската помеѓу сите чинители во воспитно- образовниот процес.

Трет приоритет: Модернизацијанапросторните и техичкитеусловизаработа

Цел 3.1. Создавање функционални и инспиративни работни простори за ученици и наставниците за пријатно училишно опкружување

Цел 3.2. Зголемување на дигиталната инфраструктура

Цел 3.2. Зголемување на дигиталната инфраструктура

Преку реализација на овие приоритети, училиштето ќе обезбеди повисок валитет на образовниот процес, ќе овозможи развој на вредности, знаења и вештини во областа на економијата, правото, трговијата и дигиталниот маркетинг, неопходни за долгорочен успех на учениците во услови на постојани технолошки и пазарни промени.

Приоритетно подрачје 1:Јакнење на квалитетот на наставниот процес		
Цели	**Очекувани резултати**	**Индикатори за успех**

Цел 1.1. Воведување на атрактивни и пазарно релевантни нови образовни квалификации и/или сектори	Извршена анализа на потребите на пазарот на труд и интересот на учениците за новиот профил Да се подготви целокупната документација за иницирање постапка за воведување на нов профил. Воспоставена соработка со локалната самоуправа, компаниите и релевантните институции. Изврши промоција на новиот профил пред учениците и родителите.	Предлози за нови образовни квалификација и/или сектори Податоци за реалните потреби на пазарот на трудот Извештај за трендови и дефицитарни занимања Конкретни предлози за нови образовни профили и ажурирање на наставните планови Податоци за реалните потреби на пазарот на трудот Работна група со јасно распределени задачи и одговорности Комплетна документација усогласена со критериумите на МОН Одобрен или во постапка за одобрување нова образовна вкалификација или сектор

Задачи	Активности	Ресурси	Временска рамка	Носители	Тим за следење
Задача 1.1.1. Истражување на пазарот на трудот и идентификување	Анкетирање и интервјуа со локални компании, стопански комори и институции	Наставници – истражувачи, Педагошо – психолошка служба	Септември 2026/ декември 2027	Раководство на училиштето, наставници	Директор, координатор за комуникација со МОН

на потребни компетенции Задача 1.1.2. Подготовка на потребната документација и поднесување предлог до Министерството за образование и наука за одобрување на новите профили/струка	Анализа на национални и регионални извештаи за пазарот на труд Форум/работилница со претставници на бизнис-заедницата, наставници и ученици Формирањеработнагрупазаизработканадокументацијата Подготовка на образложение, наставнип ланови и програми Поднесување на предлогот и следење на постапката во МОН	Раководство научилиштето, Координатор за практично образование Директор, Координатор за развој Координатор за комуникација со МОН		претставници од бизнис заедницата Наставници - истражувачи, педагошко - психолошка служба координатор за практично образование претставници од бизнис заедницата координатор за развој Работна група, координатор за комуникација со МОН Тим за развоен план	

Приоритетно подрачје 1: Јакнење на квалитетот на наставниот процес

Цели	Очекувани резултати	Индикатори за успех
Цел 1.2. Подобрување на стручната и методолошката подготвеност на наставниците и зголемување на ангажираноста и успехот на учениците	Зголемена примена на интерактивни наставни методи и современи стратегии за учење во наставниот процес Наставниците редовно применуваат ИКТ и дигитални алатки за планирање и реализација на наставата Зголемен број на реализирани проектни, тимски и истражувачки активности во сите наставни подрачја Учениците покажуваат повисоко ниво на активност, соработка, креативност и критичко –размислување за време на наставата	Зголемување на ангажираноста и успехот на учениците Наставниците стекнуваат нови дигитални и интерактивни вештини Учениците развиваат критичко размислување и практични вештини Обезбедена постојана поддршка и инспирација за наставниците Поголем број на наставници кои се подготвени да се адаптираат кон новините и брзите промени во општеството, зголемена ангажираност на ученици Наставниците стекнуваат нови дигитални и интерактивни вештини Учениците развиваат критичко размислување и практични вештини Обезбедена постојана поддршка и инспирација за наставниците

Задачи	Активности	Ресурси	Временска рамка	Носители	Тим за следење

Задача 1.2.1. Организирање континуирани обуки и размена на добри практики за наставници Задача 1.2.2. Воведување интерактивни методи, дигитални алатки и практични методи на работа со учениците	Организација на внатрешни стручни работилници Учество на наставници на национални и меѓународни обуки/ конференции Формирање и ажурирање на онлајн платформа за споделување добри практики Организација на практични обуки за наставници за користење на интерактивни и дигитални алатки Вклучување на учениците во тимски проекти, студии на случај, симулации на бизнис ситуации и дебати	Координатор за обуки Тим за дигитална поддршка Педагошко – психолошка служба Наставници по стручни предмети Координатор по практично образование Тим за ИКТ, координатор за дигитални ресурси Координатор за обуки Тим за ИКТ, координатор за дигитални ресурси	Септември 2026 – Јуни 2027	Директор наставници ученици координатор за обуки тим за дигитална поддршка педагошко – психолошка служба Наставници по стручни предмети, Координатор по практично образование	Координатор за обуки Тим за дигитална поддршка Педагошко – психолошка служба

	Креирање училишна „база на ресурси“ со наставни материјали и активности				

Приоритетно подрачје 1:Јакнење на квалитетот на наставниот процес		
Цели	**Очекувани резултати**	**Индикатори за успех**
Цел 1.3. Зголемување на учеството на учениците во натпревари, проекти и иницијативи	Зголемен број на ученици кои активно учествуваат во локални, регионални, државни и меѓународни натпревари, проекти и иницијативи Подобрени знаења, практични вештини и компетенции кај учениците преку учење базирано на проекти, тимска работа и практични активности Постигнати значајни резултати и афирмација на училиштето, преку	Зголемен број на учество на ученици, подобар успех и афирмација на училиштето; Навремена подготовка и подобра организација за учество Подобрена подготовка, поголема самодоверба и подобри резултати Зголемена мотивација на учениците и поголемо учество во активности

		освоени признанија, награди, сертификати и успешно реализирани ученички проекти.		Зголемен број на ученици учесници Формирани функционални тимови подготвени за работа Подготвени тимови со зголемени вештини и самодоверба за учество и постигнување резултати	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Задача 1.3.1. Систематско информирање и мотивирање на учениците за учество Задача 1.2.2. Формирање и менторирање на тимови за учество	Идентификација и календар на релевантни натпревари, проекти и иницијативи Организација на подготвителни работилници и менторски сесии Промоција на успесите и активностите на учениците Формирање на ученички тимови Менторски сесии и подготовки	Наставници директор стручна служба ученици координатор за натпревари стручни активи тим за ПР и маркетинг координатор за социјални медиуми наставници – ментори,	Септември 2026 – Јуни 2027	Директор, наставници, ученици педагошко-психолошка служба, координатор за обуки, тим за дигитална поддршка раководители на паралелки надворешни експерти	Координатор за натпревари Стручни активи

		раководители на паралелки		тим за ПР и маркетинг	

Приоритетно подрачје 2: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима		
Цели	**Очекувани резултати**	**Индикатори за успех**
Цел 2.1. Учениците да се чувствуваат безбедно, почитувано и вреднувано како активни чинители во училиштето	Учениците да стекнат вештини за ефективно управување и учество во донесување одлуки Зголемено учество на учениците во донесување на одлуките преку ученичкиот совет и прибирање на нови идеи. Учениците да стекнат практични вештини за справување со стрес, емпатија и толеранција	Избран состав на ученичкиот совет со легитимитет и поддршка од учениците Учениците стекнуваат вештини за ефективно управување и учество во донесување одлуки Избран состав на ученичкиот совет со легитимитет и поддршка од учениците Број на одржани настани Јасен план и структура за секој тематски ден со вклученост на учениците Учениците стекнуваат практични знаења, контакти и инспирација од реалниот свет

		Зголемена заинтересираност и учество на учениците, подобрување на идните настани Зголемена мотивираност и кај наставниците и кај учениците за постигнување на повисоки резултати во сите области Подобрена поддршка и ментално здравје кај учениците, јасна информативна компонента Препознавање на потребите на учениците и континуирано подобрување на програмата

Задачи	Активности	Ресурси	Временска рамка	Носители	Тим за следење
Задача2.1.1 Формирање на ученички совет-парламент на ученици со активна улога во носење одлуки **Задача2.1.2.** Организирање денови на креативност, на кариера, младинско претприемништво и волонтерски акции **Задача2.1.3.**	Организација на избори за членови на ученичкиот совет Обука за учениците во советот за лидерство, комуникација и носење одлуки Вклучување на ученичкиот совет во редовни одлуки и	Координатор заобуки Ученички совет Директор Стручни активи Координатор за соработка со	Септември 2026 – Јуни 2027	Директор Наставници Наставници – ментори Ученици Педагошко-психолошка служба	Координатор за обуки Тим за дигитална поддршка Педагошко – психолошка служба

Работилници за поддршка на ментално здравје, инклузија и родова еднаквост	проекти во училиштето Планирање и подготовка на тематски денови Вклучување на локални експерти, компании и организации Промоција и евалуација на деновите Организацијанатема тскиработилници Вклучувањенаексперти и стручнисоработници Евалуација и континуиранаподдршка	локална заедница Тим за ПР и маркетинг Координатор за социјални медиуми Раководство научилиштето Наставници – ментори Координатор запроекти Координатор за дигитални ресурси		Координатор за обуки Тим за дигитална поддршка	

Приоритетно подрачје 2: Поттикнување на позитивна, инклузивна и мотивирачка училишна клима		
Цели	**Очекувани резултати**	**Индикатори за успех**
Цел 2.2.	Зголемена примена на интерактивни наставни методи и	Зголемен квалитет на соработка со одредени родители, подобар пристап

Зајакнување на соработката помеѓу сите чинители во воспитно – образовниот процес		современи стратегии за учење во наставниот процес. Зголемена соработка помеѓу сите чинители во воспитно – образовниот процес Учениците покажуваат повисоко ниво на активност, соработка, креативност и критичко размислување		кон истите а со тоа и подобрување на особините кај нивните деца Зголемен квалитет на соработка со одредени родители, подобар пристап кон истите а со тоа и подобрување на особините кај нивните деца Учениците стекнуваат практични вештини за справување со стрес, емпатија и толеранција Наставниците стекнуваат нови дигитални и интерактивни вештини Учениците развиваат критичко размислување и практични вештини Подобар имиџ на училиштето Подобрена соработка со локалниот бизнис сектор и реализација на проекти за учениците Поголема поддршка и интерес од локалната самоуправа за училишните активности Учениците стекнуваат практично искуство; зголемена видливост и влијание на училиштето во заедницата	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**

Задача2.2.1. Организирање на семинари и обуки за комуникација, разрешување конфликти, тимска работа, проектен менаџмент Задача2.2.2. Работилници и обуки за развој на емоционална интелегенција кај учениците во насока на превенција од несакани конфликти и други негативни ситуации Задача2.2.3. Поттикнување на понатамошна соработка на училиштето со бизнис секторот и поголема соработка, вклучување и информирање на локалната самоуправа за работата на училиштето	Организација на семинари за комуникациски и меки вештини Обуки за разрешување конфликти и тимска работа Обука за проектен менаџмент Организација на тематски работилници за емоционална интелигенција, вклучување на експерти и психолог Евалуација и континуирана поддршка Организација на редовни состаноци и работни групи	Наставници Директор Социјална служба Родители Координатор за обуки Тим за дигитална поддршка Педагошко – психолошка служба Наставници по стручни предмети Координатор по практично образование Наставници – ментори Тим за маркетинг	Септември 2026 – Јуни 2027	директор наставници ученици педагошко-психолошка служба координатор за обуки тим за дигитална поддршка родители наставници-менотри координатор за практитично образование	Директор Координатор за обуки Тим за дигитална поддршка Педагошко – психолошка служба

	со бизнис секторот Информативни средби и јавни презентации за локалната самоуправа Поттикнување на заеднички проекти и практична настава				

Приоритетно подрачје 3: Модернизација на просторните и техничките услови за работа		
Цели	**Очекувани резултати**	**Индикатори за успех**
Цел 3.1. Создавање функционални и инспиративни работни простори за ученици и наставниците за пријатно училишно опкружување	Учениците да имаат мотивирачко и здраво опкружување за учење и рекреација Подобрено училишно опкружување Ученицитепокажуваатповисок онивонаактивност, соработка, креативност и критичко - размислувањезавременанастав ата.	Јасна слика за потребите и приоритетите за модернизација Модерни, функционални и инспиративни простории за наставата и учење Учениците имаат мотивација за креативно учење и одмор, поттикнување на соработка и иновации Број на зони за релаксација и активности на отворено

				Јасна концепција и план за уредување на училишниот двор Природен, инспиративен и функционален училишен двор	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Задача 3.1.1. Модернизација и доопремување на училниците и заедничките простории, креирање тематски и креативни зони за учење и одмор **Задача 3.1.2.** Озеленување и уредување на училишниот двор со зони за релаксација и активности на отворено **Задача 3.1.3.** Работилници за поддршка на ментално здравје, инклузија и родова еднаквост	Анализа и планирање на просториите Реконструкција и доопремување Креирање тематски и креативни зони Планирање и подготовка на тематски денови Вклучување на локални експерти, компании и организации Промоција и евалуација на деновите Планирање и дизајн	Директор Координатор за инфраструктура Наставници Координатор за проекти Ученици	Септември 2026 – Јуни 2027	директор наставници ученици стручна служба координатор за обуки педагошко-психолошка служба тим за инфраструктура	Директор Координатор за обуки Тим за дигитална поддршка, Педагошко – психолошка служба

	Озеленување и уредување Креирање функционални и креативни зони				

Приоритетно подрачје 3: Модернизација на просторните и техничките услови за работа		
Цели	**Очекувани резултати**	**Индикатори за успех**
Цел 3.2. Доопремување на дигиталната инфраструктура	Зголемена примена на интерактивни наставни методи и современи стратегии за учење во наставниот процес Продолжен животен век на опремата, намалени дефекти и прекини во наставата Подготвени наставници и ученици за ефикасно користење на софтверските алатки, зголемена продуктивност	Изработени акциони планови Јасна слика за состојбата на опремата и приоритетите за модернизација Опремата е современа и функционална, подготвена за наставата и практичните активности Подготвени наставници и ученици Јасна слика за потребите и приоритетите за софтверска поддршка

				Модерен софтверски сет кој го поддржува наставниот процес и административните активности	
Задачи	**Активности**	**Ресурси**	**Временска рамка**	**Носители**	**Тим за следење**
Задача 3.2.1. **Модернизација на постојната опрема и редовно техничко одржување** **Задача 3.2.2.** **Подобрување на технолошката софтверска подршка**	Инвентаризација и проценка на опремата Модернизација на опремата Редовно техничко одржување Инвентаризација и проценка на софтверот Набавка и имплементација на нови софтверски решенија Обуки за наставници и ученици	Тим за инфраструктура Наставници Координатор за ИКТ Директор Тим за набавка Тим за инфраструктура, Техничка служба	Септември 2026 – Јуни 2027	Директор, ИТ координатор Тим за инфраструктура наставници, ученици педагошко-психолошка служба, координатор за обуки,	Директор Координатор за обуки Тим за дигитална поддршка Педагошко – психолошка служба

				тим за дигитална поддршка техничка служба	

7.1. План за евалуација на акциските планови

План за евалуација на акциските планови

Елементи	Опис
Цел на евалуацијата	Следење и процена на степенот и квалитетот на реализацијата на акциските планови Навремено препознавање и корекција на отстапувања
Процедури за следење	Редовни состаноци за анализа на напредокот Формални и неформални разговори со учесници Преглед на ресурси, рокови и активности Извештаи и записници
Одговорни лица	Директор Стручна служба (педагог, психолог) Училишни тимови Наставници Ученици Совет на родители
Критериуми на успех	Постигнување на предвидените цели Навремена реализација Активна вклученост на засегнатите

	Подобрување на наставниот процес
Инструменти за евалвација	Тестови Скали на проценка Прашалници Потсетници за интервјуа Протоколи за набљудување Записи од состаноци
Индикатори за успех	Подобрен просек на ученици Намален број на слаби оценки Поголема соработка со родители Разновидни стратегии за оценување Поголемаактивност Намален број на изостаноци Соработка со работодавачи
Повратна информација	Давање на информации за напредокот Препораки за подобрување Поттикнување на мотивација, самостојност, саморефлексија

8. Програми и организација на работата во средното училиште

8.1. Календар за организацијата и работата во средното училиште

Со овој календар се дефинира организирањето и реализацијата на јавните и културните активности на ОСУ „ЈовчеТесличков“ –Велес за учебната 2026/2027година. Целта на општествено-културната дејност е:

- Да го афирмира училиштето како значаен културен и просветен центар во заедницата;
- Да овозможи на учениците целосен личен развој преку учество во различни форми на креативно, културно и општествено делување.

Во текот на учебната година ќе се реализираат различни активности, манифестации и прослави преку кои учениците ќе се запознаваат со културното наследство, традициите и современите текови на општествениот живот.

Планирани активности:

- Посети на театарски претстави, изложби, саеми и други културни настани;
- Излети и екскурзии од едукативен, стручен и рекреативен карактер;
- Учество во ученички слободни активности, како и производна и општествено корисна работа.

Патронен празник – 24 Октомври

Патрониот празник на училиштето – 24 Октомври, се одбележува како најзначаен културен и воспитен настан. Во таа недела ќе бидат реализирани следните активности:

- Литературен конкурс за најдобри творби на македонски јазик;
- Литературен конкурс за најдобри творби на странски јазик;
- Активности во организација на Активот на стручни предмети;
- Активности организирани од Активот на општообразовани предмети;
- Работилници под водство на педагошко-психолошката служба;
- Културно-уметничка програма изведена од учениците;
- Крводарителска акција;
- Спортски натпревари.

Други активности предвидени во текот на учебната година:

- Посета на институции од стручен интерес во Скопје и Велес;
- Посета на Народната банка на Република Сецверна Македонија;
- Посета на театар и кино во Скопје и Велес;
- Посета на Природно-научниот музеј и Планетариумот во Скопје;
- Организирање на ученичка забава (во согласност со интересот на учениците);
- Свечена матурска вечер за учениците од завршните години;
- Хуманитарни активности;
- Спортски натпревари и воннаставни активности од различен карактер.

Во месец мај се планира организација на матурската вечер за учениците од завршните години. По објавувањето на конечните резултати од матурските испити, ќе се организира и свечено доделување на дипломите за завршено средно образование.

Организирањето и реализацијата на **Отворениот ден** претставува една од најзначајните активности на ОСУ „Јовче Тесличков"–Велес, со која училиштето се позиционира како современа и отворена образовна институција, насочена кон транспарентност, вклученост и активно поврзување со заедницата. Отворениот ден има за цел целосна презентација на воспитно-образовната работа на училиштето, со посебен акцент на стручните насоки и образовните профили кои ќе бидат понудени за упис на учениците од завршните одделенија во основното образование. Преку креативна и визуелно атрактивна презентација, на заинтересираните ученици и родители ќе им биде овозможено поблиску да се запознаат со наставните програми, практичната настава, училишните маркетинг-агенции, проектните активности, како и со опременоста и условите за работа.

Настанот претставува можност за афирмација на училиштето и неговата образовна мисија, но и форум за дијалог со потенцијалните ученици и нивните родители. На Отворениот ден ќе бидат поканети:

- Учениците од деветто одделение од основните училишта во Велес и соседните општини;
- Нивните класни и предметни наставници;
- Родителите и старателите;
- Соработници на училиштето од различни институции;
- Претставници од бизнис-секторот и локалната самоуправа;
- Претставници од граѓанскиот сектор и пошироката јавност.

Преку овој настан, училиштето го зајакнува партнерскиот однос со локалната заедница, ја гради довербата со идните ученици и нивните семејства, и придонесува кон градење на позитивен имиџ и препознатливост во општествено-образовниот амбиент. По повод 14 Февруари – Денот на вљубените, наставниците по странски јазици повторно ќе организираат пригодна манифестација со цел одбележување на празникот преку културно-уметнички израз и уметничка креативност на учениците. Во рамките на оваа активност, ќе биде распишан литературен конкурс на македонски и странски јазици, наменет за учениците од основните училишта од општина Велес и околните населени места. Конкурсот ќе има за цел да ги поттикне младите на креативно пишување, уметнички израз и промоција на љубовта, пријателството и толеранцијата како универзални вредности. За најуспешните творби се предвидени симболични награди и дипломи, кои ќе бидат доделени воррамки на свечената програма организирана по повод настанот.

Вработените и учениците од ОСУ„Јовче Тесличков" активно ќе се вклучат и во одбележувањето на значајни настани, манифестации, јубилеи и празници од значење за општина Велес и за РСМ:

- 8 Септември - Ден на осамостојување на Република Македонија
- 11 Октомври - Ден на народното востание на македонскиот народ
- 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба
- 9 Ноември – Ослободување на град Велес
- 22 Ноември – Ден на албанската азбука
- Одбележување на месецот на книгата
- Организирање посета на театарски претстави
- 8 Декември – Денот на Св. Климент Охридски
- 14 Февруари – Ден на Вљубените
- 7 Март- Ден на албанскиот учител
- 8 Март- Ден на жената
- Одбележување на денот на пролетта
- 21 Март - Ден на Екологијата
- Одбележување на Велигден – Велигденско јајце
- Учество на Саем за образование
- 1 Мај – Меѓународен ден на трудот
- Учество во настан во организација на Општина Велес, ГЕНЕРАЛКА ВИКЕНД
- Одбележување на Денот на Европа
- Одбележување на 24 Мај - Ден на сесловенските просветители

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите

Ред. бр.	Име и презиме на наставникот	Наставен предмет	Стручна подготовка	Класен раководител	Вкупен фонд на часови неделно	Паралелки во кои реализира настава	Забелешки
1.	Антонио Пановски	Информатика, Бази на податоци, Основни приниципи на веб дизајн	Економски факултет (кибертнетика)	Да	21		
2.	Соња Савевска	Економски предмети	Економски факултет	Да			
3.	Нада Јованова	Економски предмети	Економски факултет				ментор
4.	Ангелина Мачавелова	Економски предмети	Економски факултет	Да			
5.	Бранка Андовска	Економски предмети	Економски факултет				
6.	Љупчо Петров	Економски предмети	Економски факултет	Да			
7.	Маја Талеска Панова	Економски предмети	Економски факултет	Да			
8.	Димитар Кичуков	Економски предмети	Економски факултет	Да			
9.	Ирена Станчева	Економски предмети	Економски факултет				
10.	Марија Панчевска	Економски предмети	Економски факултет	Да			

11.	Радмила Андовска	Економски предмети	Економски факултет	Да			
12.	Каролина Манаскова	Економски предмети	Економски факултет	Да			
13.	Орхидеја Хаџи-Петрушева Јованова	Економски предмети	Економски факултет				
14.	Панче Иванов	Економски предмети	Економски факултет				
15.	Наташа Михова (замена на часови на директор)	Економски предмети	Економски факултет				
16.	Милка Петровски	Правни предмети	Правен факултет	Да			
17.	Марјан Пракицов	Македонски јазик и литература	Филолошки факултет				
18.	Жаклина И. Зафирчева	Македонски јазик и литература	Филолошки факултет				
19.	Марија Левкова Куновска	Англиски јазик Деловен англиски јазик	Филолошки факултет	Да			
20.	Рената Софијанова Николова	Англиски јазик	Филолошки факултет				
21.	Македонка Миланова	Руски јазик / Кариерен советник / Библиотекар	Филолошки факултет				
22.	Биљана Стефаноска	Историја / Граѓаснко образование	Филозофски факултет		22		

23.	Горан Цветановски	Математика	Природно-математички факултет	Да	22		
24.	Дарко Стаменовски	Географија	Природно-математички факултет		2		
25.	Златко Гуцев	Спорт и спортски активности	Факултет за физичка култура		22		
26.	СуатУсејнов	Економски и правни предмети	Факултет за јавна администрација	Да	23		
27.	Линдита Маликова	Албански јазик и литература	Филолошки факултет		6		

(Во продолжение е предлог табела за точка 8.2 од Годишната програма на средно училиште, која ги опфаќа: поделбатанараководител на паралелка,поделбатаначасовитепонаставник,распоредотначасовипокласови (воосновнаформа). Во забелешки може да се наведе дали наставникот учествува во дуално образование, работи со ученици со попреченост, има дополнителни ангажмани (советник, ментор и сл.).)

8.3. Работа во смени

Учениците од ОСУ „ЈовчеТесличков“ –Велес наставата ќе ја следат само во една смена, од 7:15 часот до 13:15 часот. Училишниот час ќе трае 45 минути. После секој наставен час на учениците и наставниците им следува мал одмор од 5 минути, а помеѓу вториот и третиот час голем одмор со времетраење од 20 минути.

8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

	Македонски јазик	**Албански јазик**	**Турски јазик**	**Српски јазик**
Број на паралелки	11	4	/	/
Број на ученици	184	47	/	/
Број на наставници	25	2	/	/

8.5. Практично образование (учење преку работа кај работодавач и феријална практика)

Практичното образование претставува суштинска компонента на стручното образование, преку која учениците имаат можност да го трансформираат стекнатото теоретско знаење во конкретни практични вештини. Ваквиот пристап не само што овозможува развој на компетенции за самостојна работа, туку и значително ја зголемува нивната подготвеност и конкурентност на пазарот на трудот. Во рамките на редовната настава, практичната обука се реализира како наставен предмет преку практични вежби вос пецијализирани кабинети, каде се користат нагледни наставни средства, современа опрема и интернет пристап. Оваа настава е интегрирана во образовните профили продавач-референт за продажни услуги и асистент деловен администратор. Дополнително, учениците изработуваат и индивидуални домашни задачи кои ја надополнуваат нивната практична подготовка.

Феријалната практика, која претставува надополнување на редовната практична настава, се реализира за време на летниот распуст во траење од 10 до 15 работни дена. Таа е задолжителна за сите ученици, независно од нивниот образовен профил, со исклучок на учениците од завршните години.

Особено значаен сегмент е **Учењето преку работа кај работодавач**, кое претставува задолжителен облик на практично образование во рамки на модуларниот наставен модел. Овој вид на учење овозможува директна вклученост на учениците во работниот процес во реални деловни и институционални средини. Во третата година учениците реализираат 4 часа неделно, а во четвртата година 6 часа. Почнувајќи од учебната 2022/2023 година, имплементирана е паралелка со зболеме број на часови по практично образование, според која учениците започнуваат со учење преку работа уште од втора година со 4 часа неделно, продолжувајќи во трета година со 8, и во четврта година со 10 часа практична обука. Уште од првата година, одредени стручни предмети

ја вклучуваат практичната компонента преку вежби, што овозможува непосредна интеграција на теоретските знаења со практичната примена, создавајќи темел за квалитет на стручна едукација.

Особено значајно е да се истакне дека, со почетокот на учебната 2025/2026 година, во училиштето се воспоставува позиција Координатор за практично образование Воведувањето на оваа позиција произлегува од потребата за поефикасно планирање, организирање и следење на практичната настава, какос уштинска компонента на стручните образовни профили. Координаторот ќе има задача да обезбеди поврзување помеѓу наставните програми и практичните активности, да воспоставува и развива партнерства со компании и институции, како и да обезбеди систематска поддршка на учениците и наставниот кадар во процесот на практичната обука. На овој начин се создаваат услови за повисок квалитет на стручната подготовка на учениците, нивна поголема конкурентност на пазарот на труд и поуспешна интеграција во работната средина по завршување на средното образование.

8.6. Странски јазици што се изучуваат во средното училиште
(Се наведуваат странските јазици што се изучуваат, во колку паралелки, како и број на ученици).

Р. бр.	**Странски јазик**	**Број на паралелки**	**Број на ученици**	**Забелешки** (на пример: втор јазик, изборен предмет, ниво и сл.)
1.	Англиски јазик	15	231	Задолжителен предмет
2.	Деловен англиски јазик	2	39	Задолжителен предмет
3.	Германски јазик	2	24	Задолжителен предмет
4.	Француски јазик	4	65	Задолжителен предмет
5.	Руски јазик	1	1	Задолжителен предмет

8.7. Изборна настава
(Во овој дел врз основа на добиените податоци од анкетите, училиштето ја прикажува листата на изборни предмети согласно табелата.).

Р. бр.	**Година**	**Број на ученици**	**Изборен предмет**	**Име и презиме на наставникот**	**Начин на избор**
1.	Трета	11	Основни принципи на веб дизајн	Антонио Пановски	Анкетен прашалник
2.	Трета	8	Онлајн маркетинг микс	Маја Талеска Панова	Анкетен прашалник
3.	Трета	11	Управување со производ	Димитар кичуков	Анкетен прашалник
4.	Трета	6	Меѓународни организации	Милка Петровски	Анкетен прашалник

5.	Трета	7	Лични финансии	Љупчо Петров	Анкетен прашалник
6.	Четврта	10	Технологии за развој на веб	Антонио Пановски	Анкетен прашалник
7.	Четврта	10	Техники на онлајн продажба	Маја Талеска Панова	Анкетен прашалник
8.	Четврта	7	Меѓународни трговски трансакции	Ирена Станчева	Анкетен прашалник
9.	Четврта	16	Интегрирани маркетиг комуникации	Суат Усејнов	Анкетен прашалник

8.8. Слободни изборни предмети/Содржини програмирани од училиштето
(Во овој дел врз основа на добиените податоци од анкетите, училиштето ја прикажува листата на Проектни активности/Содржини програмирани од училиштето согласно табелата.).

Ред. бр.	**Година**	**Број на ученици**	**Содржини програмитрани од училиштето**	**Име и презиме на наставникот**	**Начин на избор**
1.	Втора година 2-а	20	Планирање на кариера	Каролина Манаскова	Изјава за согласност за следење на програмата
2.	Втора година 2-бв	31	Планирање на кариера	Бранка Андовска	Изјава за согласност за следење на програмата
3.	Трета година 3-а	18	Ученичка компанија – претприемничка практика за млади	Радмила Андовска	Изјава за согласност за следење на програмата
4.	Трета година 3-бв	18	Ученичка компанија – претприемничка практика за млади	Марија Панчевска	Изјава за согласност за следење на програмата
5.	Четврта година 4-а	20	Ученичка маркетинг агенција	Маја Талеска Панова	Изјава за согласност за следење на програмата
6.	Четврта година 4-бв	23	Ученичка маркетинг агенција	Радмила Андовска	Изјава за согласност за следење на програмата

8.9. Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за ученици кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, а особено ако:
- Имаат најмалку две слаби оценки,
- Имаат слаби резултати по одреден наставен предмет,
- Отсуствуваат од наставата по одреден наставен предмет
- На барање на ученикот или неговиот родител, односно старател

Дополнителна настава ќе се изведува во точно дефиниран распоред. Со распоредот за одржување на дополнителната настава, училиштето ќе ги информира учениците преку класните раководители и предметните наставници. Училиштето е должно да ги информира родителите за одржување на дополнителната настава како и за редовноста на оваа настава од страна на нивните деца. Училиштето најдоцна до 20 септември во тековната учебна година ќе истакне распоред за дополнителна и додатна настава за секој наставен предмет, на видно место во училиштето и истиот ќе го достави до Државниот просветен инспекторат.

8.10. Додатна настава

Во училиштето ќе се организира и **додатна настава** за учениците кои ќе покажат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Со истата ќе се обезбеди проширување и продлабочување на знаењата по соодветен предмет.

Учениците ќе имаат можност своите знаења, умеења, вештини и потенцијали да ги надградуваат преку слободните ученички активности кои се планираат и реализираат во нашето училиште. Додатната настава ќе ги подготвува учениците кои ќе учествуваат на натпревари по соодветните предмети. Секој предметен наставник ќе изработи сопствена програма за додатна настава и ќе ја достави на увид кај директорот на училиштето.

8.11. Работа со надарени и талентирани ученици

Работата со надарени и талентирани ученици ќе се реализира во рамките на додатната настава и ќе биде насочена кон поттикнување и развој на нивните индивидуални способности преку следниве форми:

- **Слободни ученички научно-истражувачки и културно-уметнички активности**, со индивидуализиран пристап, каде надарените ученици ќе бидат вклучени во посложени и креативни задачи;
- **Консултативна настава**, наменета за ученици кои сакаат унапредување и побрз напредок преку полагање испити и завршување на учебната година предвреме;
- **Активно учество во меѓуучилишни форми на работа** со надарени ученици (летни и зимски школи, натпревари, семинари, трибини, конкурси и слично).

Сите наставници ќе бидат достапни за консултативна настава и за вонредните ученици, пришто ќе обезбедуваат стручна поддршка и насоки за полесно совладување на наставните содржини и ефикасно постигнување на образовните цели.

8.12. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во рамките на училиштето е формиран инклузивен тим, а во случај на упис на ученик со посебни образовни потреби ќе се формира иклузивен тим за ученикот. Планираните активности се приспособуваат спрема потребите на учениците со посебни образовни потреби.

8.13. План на образовниот медијатор

Образовен медијатор: Сабрина Ализотова
Одговорни за следење на реализацијата на активностите: Министерство за образование и наука

Планирани активности

- Соработка со стручна служба во училиштето за индентификација на состојбата со образованието на учениците роми;
- Соработка со родителите за нивна мотивација и поддршка за вклучување на нивните деца во образовниот процес
- Работа на терен за идентификување на нередовните ученици роми
- Следење на прогресот на учениците роми во соработка со класните раководители и стручната служба
- Идентификување на ученици кои се вратени од странство и преземање мерки за нивно враќање во образовниот процес
- Презема актвности за подигнување на свеста кај ромското население на локално ниве во однос на важноста за образование
- Им помага на учениците при аплицирање за стипендии
- Организира активности за јакнење на самодовербата кај учениците роми во насока на успешно образование
- Презема активности за намалување на предрасудите, стереотипите и дискриминацијата
- Презема активности за намалување на конфликтите и насилството во училиштето

8.14. План на координаторот за практично образование

Деталните планирани активности на координаторот за практично образование е прикажан во прилозите на програмата.

8.15. План на образовниот асистент
/

8.16. План на кариерниот советник и тимот за кариерно советување

Деталните планирани активности во рамките на кариерниот центар во соработка со кариерниот советник и тимот за кариерно советување е прикажанво прилозите на програмата.

9. Воннаставни активности

9.1. Училиштни спортски клубови

Целосен назив	Училишен спортски клуб „ЕКОНОМСКА БОРЕЦ Велес“
Кратко име	УСК „ЕКОНОМСКА БОРЕЦ Велес“
Датум на основање	08.01.2025 година
Организациски облик	Спортско здружение

Име и презиме на одговорните наставници	
1.	Горан Цветановски
2.	Златко Гуцев
3.	Каролина Манаскова
4.	Жаклина И. Зафирчева
5.	Каролина Манаскова

Здружението, УСК „ЕКОНОМСКА БОРЕЦ Велес“ е формирано со цел остварување заеднички јавен интерес за организирано занимавање со спорт и спортски активности на учениците во ОСУ „Јовче Тесличков“ – Велес.

Како посебни цели и задачи на УСК се:

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот во училиштето;
- Развивање и усовршување систем на натпревари на училишните екипи;
- Водење грижа за здравствената заштита на спортистите – членови во Клубот;
- Стимулирање на развојот на секциите и спортските школи во рамките на Клубот;
- Стручно усовршување на своето членство;
- Соработување со други спортски организации, секции и клубови;
- Афирмација на спортот во училиштето, Општината и пошироко.

Како конкретни цели на УСК се издвојуваат:

- Примена на посебни форми и активности кои стимулираат јакнење на мускулната маса и развој на аеробни способности кај учениците –членови на УСК,;
- Се влијае врз развојот на психомоторните способности;
- Создавање услови за поврзување на моторичкото знаење и умеење во моторички целини;
- Развивање чувство на спортска борба и фер-плеј, социјализација и дружење.

9.2. Ученички акции и волонтерство

Акциите претставуваат краткотрајни воннаставни активности кои најчесто се одвиваат во текот на еден ден, но во зависност од потребите и карактерот на активноста, може да траат и неколку дена. Тие се различни по својот фокус и може да вклучуваат општествени акции, хуманитарни акции, еколошки иницијативи, волонтерски активности, продажни базари и други форми на општествено корисна работа. Целта на овие акции е да го поттикнат свесното граѓанско учество кај учениците, да ги развијат нивните вредности за солидарност, одговорност и активна вклученост во заедницата.

Покрај тоа, овие активности им овозможуваат на учениците да стекнат практично искуство во тимска работа, организација и соработка, да го развијат својот социјален и етички капацитет, како и да го засилат чувството за припадност и грижа за животната

средина и општеството во целина. Преку ваквите акции, учениците се охрабруваат да бидат активни и одговорни членови на заедницата, учејќи како нивниот индивидуален придонес може да влијае позитивно врз општествените процеси.

9.3 Драмски, музички, ликовни и други настани

За воннаставната активност од **Општествено – културна дејност** предвидени се следните форми на работа:

- Организирање на драмски, музички, ликовни и други настани по повод патрониот празник на училиштето
- Организирање на литературни читања, работилници за развивање на ораторски вештини, користење на библиотечни ресурси, посета на изложби, свечено доделување дипломи на матурантите, организирање спортски манифестации, посета на лизгалиште и слични активности;
- Активности во заедницата – одбележување и прославување значајни датуми од поновата и постарата историја, прибирање, архивирање и заштита на етнографско богатство (предмети од домашна изработка, документи, легенди и обичаи), формирање на локална фототека за документирање значајни настани, локации и личности, како и прибирање материјали поврзани со историјата и развојот на училиштето.

Планираните активности ќе се реализираат во соработка со **Црвениот крстиќ на општина Велес, Ликовниот салон, Народниот музеј, Народниот театар, Општина Велес, Локалната библиотека**, како и со стопански субјекти и други институции од локален карактер, со цел унапредување на воспитно-образовниот процес и практичната настава.

10. Ученичко организирање и учество

Учениците, како активни чинители во воспитно-образовниот процес, континуирано преземаат иницијативи и активности со цел унапредување на сопствените услови за учење и општата ученичка благосостојба – и во рамките на училиштето, и во поширокиот општествен контекст. Притоа, сите ученици се обединети околу една заедничка цел: заштита и промоција на интересите на ученичкиот совет. Училишниот ученички совет претставува легитимно демократско тело формирано од претставници на учениците, чија основна улога е координација, застапување и поддршка на ученичките интереси. Ова тело дејствува како важна алка во градењето на партнерски односи помеѓу учениците, наставниот кадар и училиштето како институција. Преку своето учество во советот, учениците се здобиваат со значајни лични и социјални компетенции: комуникациски и организациски вештини, одговорност, лидерство, критичко размислување и тимска работа. Дополнително, советот претставува платформа за изразување ученички идеи и иницијативи, кои може да се реализираат на училишно, локално, национално или меѓународно ниво – зависно од значењето и опфатот на прашањата што се отвораат.

11. Вонучилишни активности

11.1. Ученички екскурзии

Ред. бр.	Тим за изработка на програмата	Вид на вонучилишна активност	Година/паралелка	Планиран термин	Одговорно лице
1.		Ученичка екскурзија	Прва година	Мај – јуни 2027	Маја Талеска Панова
2.	Каролина Манаскова Ангелина Мачавелова Суат Усејнов Марија Панчевска	Ученичка екскурзија	Втора година	Мај, 2027	Каролина Манаскова
3.	Соња Савевска Радмила Андовска Милка Петровски Горан Цветановски Антонио Пановски Марија Л. Куновска Љупчо Петров Горан Цветановски	Ученичка екскурзија	Заедничка за ученици од трета и четврта година	Октомври, 2027	Радмила Андовска

11.2. Податоци за учениците вклучени во вонучилишни активности

По реализација на вонучилишните актвивности, менторите кои се одговорни за спроведување на активностите доставуваат извештај до стручната служба. Овие податоци се систематизираат и најчесто се користат и се презентираат во текот на учебната година преку извештаите за прво тримесечје за работата на училиштето, прво полугодие, трето тримесечје и годишен извештај за работата на училиштето.

12. Натпревари за учениците

12.1. Учество на општински, регионални, државни, олимпијади и меѓународни натпревари

Учениците ќе учествуваат на сите натпревари од општинско, регионално, државно и меѓународно ниво за кои ќе обезбедат соодветен пласман. Селекцијата на ученици ќе се врши во рамките на училиштето, а учениците кои ќе постигнат соодветни резултати ќе продолжат кон следните натпреварувања. Право на учество имаат сите заинтересирани ученици кои ги исполнуваат основните критериуми на натпреварите. Главен фокус на ОСУ „Јовче Тесличков" – Велес се натпреварите од струката, но исто така и сите останати натпревари со кои ќе се усовршат и надоградат знаењата и вештините на учениците.

13.Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Тим за училишна интеграција:

Марија Левкова Куновска – координатор
Билјана Коцабашиева – педагог
Суат Усејнов – наставник
Милка Петровски – наставник
Радмила Андовска – наставник

План и аактивности:

- Реализација на проектот **Промоција на безбедна училишна средина** – активности за создавање сигурна и поддржувачка клима, работилници за ненасилна комуникација и почитување на различностите.
- Продолжување со аплицирање и активности во рамки на **Програмата за меѓуетничка интеграција** – зајакнување на соработката меѓу ученици од различни етнички заедници преку заеднички проекти, културни настани и спортски активности.
- Учество во програмата за **Мировно образование** – организирање на дебати, форуми и креативни работилници за промоција на толеранција и демократски вредности.
- Соработка со други училишта од општината и регионот кои се од различен етнитет, со назначено одговорно лице за координација.

Потребни средства:

- Финансиски средства обезбедени преку грантови од МОН и донаторски организации.
- Материјали за работилници (флипчарт, маркери, постери).
- Техничка опрема за презентации и мултимедијални активности.

Начин на обезбедување:

- Аплицирање за грантови и проекти од Министерството за образование и наука.
- Соработка со невладини организации и локална самоуправа.

- Вклучување на ученичкиот парламент и наставниците во подготовка и реализација на активности.

14. Проекти што се реализираат во средното училиште

14.1. Национални проекти

Проект: „Промоција на безбедна училишна средина“

- Финансиран од Министерството за образование и наука.
- Цел: создавање сигурна, поддржувачка и партиципативна училишна клима.
- Придобивки: зајакнување на правата на учениците, промоција на почитување и меѓусебна поддршка.
- Одговорен наставник: Милка Петровски и педагог Билјана Коцабашиева
- Временска рамка: континуирана реализација во текот на учебната 2026/2027.
- Извор на финансирање: МОН и партнерски организации.

Програма за меѓуетничка интеграција во образованието

- Финансирана од Министерството за образование и наука.
- Цел: поттикнување хармоничен соживот, толеранција и активна соработка меѓу ученици од различни етнички заедници.
- Придобивки: развој на интеркултурна атмосфера и демократски вредности.
- Временска рамка: учебна 2026/2027 година.
- Извор на финансирање: грантови од МОН.

Проект: „Учење преку работа“ (Имплементација на дуално образование)

- Финансирање и поддршка: Министерство за образование и наука (МОН) и Стопанска комора наСеверна Македонија.
- Цели и придобивки:
    - Обезбедување поквалитетна практична настава за учениците од економските профили преку директно учење во реални компании во Велес.
    - Учениците стекнуваат реални деловни вештини и зголемени можности за вработување по завршување на средното образование.
- Вклучен кадар: Координатори за практична настава и наставници по стручни економски предмети.
- Временска рамка: Септември 2026 – Јуни 2027 година.
- Извори на финансирање: Буџет на МОН и компании-партнери.
- Одговорен наставник: Бранка Андовска

Проект: „Дигитализација и примена на е-содржини во средното образование“

- Финансирање и поддршка: Биро за развој на образованието (БРО) и Министерство за образование и наука (МОН).
- Цели и придобивки:

- Интензивно користење на образовни платформи и дигитални алатки во секојдневната настава.
- Поголема интерактивност и визуелизација на наставните единици, развој на дигитални компетенции кај учениците.

- Вклучен кадар: Сите предметни наставници и ИТ-администраторот во училиштето.
- Временска рамка: Во текот на целата учебна година 2026/2027.
- Извори на финансирање: Национални програми за развој на образованието.

14.2. Еразмус+ и други меѓународни проекти

Проект: „Повеќезелено и дигитално – за успешен бизнис на иднината“

- **Финансирање и поддршка:** Национална агенција за европски образовни програми и мобилност, програмата Еразмус+.
- **Партнерства:**Маркетинг агенција од Република Хрватска.
- **Цели и придобивки:**

  - Стекнување на зелени и дигитални вештини кај учениците преку тренинг активности.
  - Подобрување на компетенциите за дигитален маркетинг и одржлив бизнис.
  - Поттикнување на интернационална соработка и размена на добри практики.

- **Очекувани резултати:**

  - 10 ученици ќе реализираат физичка мобилност во траење од 14 дена.
  - Учениците ќе стекнат практично искуство во реална работна средина.
  - Училиштето ќе ја зајакне својата европска димензија и интеркултурна соработка.

- Одговорен наставник: Маја Талеска Панова;

  - **Временска рамка:** 18 месеци (2026–2027 година).
  - **Извори на финансирање:** ЕУ фондови преку програмата Еразмус+.

Проект: „Иницијатива за нови лидери на Балканот“ (БЕЛИ)

- **Финансирање и поддршка:** Еразмус+ програма – Градење капацитети во областа на младите.
- **Партнерства:** Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Центар за образовни иницијативи „Чекор по Чекор“ (Босна и Херцеговина), Косовски образовен центар (Косово), Центар за образовна политика (Србија).
- **Цели и придобивки:**

  - Зајакнување на ученичкиот совет и неговата улога во училиштето.
  - Унапредување на учеството на младите во процесите на донесување одлуки.
  - Развој на демократска култура и поттикнување на младинско лидерство, активизам и човекови права.

- Поддршка на инклузивно учество на ученици од ранливи и маргинализирани групи.

- **Активности:**

  - Воведна средба со ученичкиот совет.
  - Осум обуки (4 со физичко присуство и 4 онлајн).
  - Менторска поддршка за ученичкиот совет.
  - Реализација на една ученичка иницијатива предводена од учениците.
  - Учество во регионални настани во Скопје и Приштина (по 5 претставници од училиштето).
  - Учество на завршна конференција во Белград.

- **Вклучен кадар:** Одговорен наставник: Милка Петровски; ученички совет.
- **Временска рамка:** Мај 2026 – Ноември 2027 година.
- **Извори на финансирање:** Еразмус+ програма; поддршка до 700 евра по училиште од МЦГО (материјали и услуги за ученичка иницијатива).

Подготовка и аплицирање за нови Еразмус+ проекти (Клучна акција 1 и Клучна акција 2)

- **Финансирање и поддршка:** Еразмус+ програма на ЕвропскатаУнија (по одобрување на проектот).
- **Партнерства:** Партнерски училишта од Европа.
- **Цели и очекувани резултати:**

  - Проширување на меѓународната соработка преку аплицирање за нови грантови за мобилност на наставници и ученици.
  - Фокус на зелената транзиција во бизнисот и развој на претприемнички вештини кај младите.

- **Вклучен кадар:** Тимот за меѓународна соработка и Еразмус+ координаторот на училиштето.
- **Временска рамка:** Според роковите на Националната агенција (Октомври 2026 / Февруари 2027).
- **Извори на финансирање:** Еразмус+ програма на Европската Унија.
- **Одговорен наставник:**Маја Талеска Панова

14.3. Проекти од општествена одговорност и одржлив развој

Проект: „XYZ Green Gen Transformers: Млади за зелени општини“

- **Финансирање и поддршка:** Европска Унија преку проектот „Зелена младина, зелен раст – Акција за зелена трансформација“.
- **Партнерства:** Импакт Нет Фондација, Центар за развој на Вардарски плански регион, четирите средни училишта во Велес.

- **Цели и придобивки:**

    - Мобилизирање на младите како носители на локални зелени практики.
    - Развој на знаења, вештини и иновативни алатки за одржлив развој на заедницата.
    - Поврзување на традиционални мудрости со современи еколошки практики.

- **Активности:** тренинг обуки во Вардар Иновативен Hub, менторска поддршка од наставници и психолози, ученички иницијативи за зелени општини.
- **Вклучен кадар:** Одговорни наставници: Радмила Андовска и Милка Петровски
- **Временска рамка:** 2026–2027 година.
- **Извори на финансирање:** Европска Унија.

Проект: „Создавај, информирај, инспирирај! Од локално до глобално: Младински Impact Media Hub за позитивни промени“

- **Финансирање и поддршка:** Европска Унија, програмата SMS Facility – Поддршка за мали медиуми и организации во Западен Балкан.
- **Партнерства:** Импакт Нет Фондација, Вардар Иновативен Hub, локални медиумски професионалци.
- **Цели и придобивки:**

    - Промоција на иновативни младински медиумски практики.
    - Оспособување на младите да создаваат професионална, етичка и висококвалитетна содржина.
    - Зајакнување на локалното новинарство и борба против дезинформации.

- **Активности:** тренинг обуки за новинарство, критичко размислување и пишување вести; практична работа во Impact Media Hub; развој на дигитални медиумски содржини.
- **Вклучен кадар:** Одговорни наставници: Милка Петровски и Радмила Андовска
- **Временска рамка:** 7–8 месеци (2026–2027 година).
- **Извори на финансирање:** Европска Унија (SMS Facility).

15. Поддршка на учениците

15.1. Следење и анализа на ученичкиот успех

Во рамките на Подрачјето 2 (Постигања на учениците), ОСУ „ЈовчеТесличков“ –Велес применува континуиран, транспарентен и систематски пристап кон следењето, компарирањето и анализирањето на успехот и редовноста на учениците. Примарната цел е навремено детектирање на негативните трендови и преземање насочени активности за подобрување на општите постигања, обезбедувајќи еднакви можности без разлика на полот, етничката припадност, јазикот на наставата или социјалниот статус.

1. Начини, методи и честота на следење на успехот

- Директна проверка на знаењата: усна проверка, писмени работи, тестови на знаење и континуирана евалуација преку дискусија.
- Проектни и практични активности: есеи, истражувачки проекти, презентации и практичен приказ преку училишни компании и маркетинг агенција.
- Честота: неделно и месечно формативно следење; тримесечје и полугодие (ноември/декември); годишна анализа (јуни).

2. Критериуми и стандардизаоценување

- Наставниците на почетокот на годината ги запознаваат учениците со критериумите.
- Анкетите покажуваат: 55% ученици потврдиле дека се запознаени, 30% не, а 15% само кај некои наставници.
- Пред секоја тема: 40% потврдно, 35% негативно, 25% делумно.
- Преференции: 67% писмена проверка, 28% усна, 5% алтернативна.
- 85% ученици истакнуваат дека им е важно однапред да ги знаат критериумите.

3. Процедури за анализа на податоците (Трендови и SWOT)

- **Среден успех по години:**

  - 2022/2023 – 3,47 (референтна вредност)
  - 2023/2024 – 3,02 (влошување)
  - 2024/2025 – 3,14 (првополугодие, благпораст)
  - 2024/2025 – 3,26 (крај на година, стабилизација, 20 ученици на поправни)

- **SWOT анализа:**

  - **Силни страни:** систематско следење, практична настава, јасни процедури за транзиција.
  - **Слаби страни:** послаб успех кај ново запишани ученици, недоволна мотивираност, недоследност при запознавање со критериумите.
  - **Приоритети за 2026/2027:** осовременување на наставните методи; стандардизација на критериумите пред секоја тема.

4. Употреба на резултатите за поддршка и интервенции

- Ученици со потешкотии: идентификација преку инструменти на психологот и наставниците; дополнителна настава и индивидуализиран пристап.
- Анкети: 56% ученици сметаат дека стручната служба дава квалитетна поддршка; кај учениците со потешкотии – 90% добиваат повремена, но корисна помош.
- Надарени ученици: идентификација преку трудови и излагања; програма за додатна настава пред натпревари. 62% се сметаат себеси за надарени, но редовна поддршка добиваат само 33%.
- Ученици со ПОП: водено посебно досие; индивидуални планови со диференцирани цели.

5. Вклученост на чинителите

- Наставници и класни совети: ревидирање на планови и анализа по квалификациони периоди.
- Стручна служба и менаџмент: редовни координативни средби за индивидуален пристап.
- Родители и социјални служби: редовна соработка; за 2026/2027 се планира насочена соработка со социјалните служби за активирање на родители со помала заинтересираност.

6. Начини на известување за постигнувањата

- Традиционални: родителски состаноци (четири пати годишно), индивидуални средби, писмени извештаи.
- Дигитални: Е-дневник како примарно средство за секојдневна проверка.
- Ученичко портфолио: евиденција на постигања, сертификати, пофалници и проектни задачи.

15.2. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација

ОСУ „Јовче Тесличков“ усвои Политика за Заштита на Децата со цел да обезбеди соодветни упатства и мерки за заштита од прекршување на правата на детето на сите нивоа за време на редовната работа на ОСУ „Јовче Тесличков“ . Политиката вклучува дефинирање на правата на детето на заштита од насилство и и злоупотреба, кодекс на однесување поврзан со почитување на правата на детето. Исто така, оваа политика вклучува протокол за постапување во случаеви на насилство, заедно со упатства, предлог мерки и прилози за примена во случај на злоупотреба на деца.

